Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за локална самоуправа | Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Државен инспекторат за локална самоуправа** | **Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА 2024 ГОДИНА

Арх. Бр. 01- 228/1

Ferdi Shabani

ВД Директор, Државен инспекторат за локална самоуправа

Датум: 13.11.2023 година

Место: Скопје (м.п.)

Изработил:
Rrahim Musliu,
Раководител на одделение-виш инспектор

## Резиме

Државниот инспекторат за локална самоуправа, согласно со надлежностите утврдени во член 4 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа врши инспекциски надзор над примената на одредбите од Законот за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор и другите закони и прописи што содржат одредби за надлежностите на единиците на локална самоуправа; надзорот над постапката за нивно донесување од страна на општините и др.

По изготвената анализа на работењето на Инспекторатот во изминатиот период, особено по поднесените иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори се утврдуваат субјектите за вршење на редовен инспекциски надзор, а согласно донесените инспекциски акти донесени при претходно извршени инспекциски надзори се планираат субјектите во кои ќе се вршат вонреден инспекциски надзор. Субјектите на надзор кај кои ќе се врши вонреден инспекциски надзор не може однапред да се утврдат, истите само статистички може да предвидат како одреден број на иницијативи за вршење на вонреден инспекциски надзор.

Согласно член 4 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 ) Државниот инспекторат за локална самоуправа е орган на државната управа со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно закон и одлучува за правата и обврските од работен однос на вработените во Инспекторатот.

Државниот инспекторат за локална самоуправа е отворен за соработка како со општините, граѓаните/правните лица, така и со институциите. Транспарентноста е мото во работењето на Инспекторатот, па покрај објавувањето на податоци и информации на својата веб страна и порталот за отворени податоци, дополнително се доставуваат преку остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во согласност со насоките дадени во образецот на Годишниот план за работа на инспекциската служба во продолжение кус приказ на сите поглавја од Годишниот план.

Во поглавјето **Анализа на ризици**, стои еднаква и доследна примена на законите и подзаконските акти од страна на органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институции кои вршат дејност од областа на локалната самоуправа од општините низ цела држава, градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Додека во поглавјето, **Организација и раководење**, во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за локална самоуправа, Државниот инспекторат за локална самоуправа е организиран со четри основни организациони единици ( 4 ) и тоа;

- Сектор за инспекциски надзор
- Сектор за хармонизација на прописите од централно на локално ниво.
- Сектор за финансиско работење, административно-правни и општи работи.

Со Државниот инспекторат за локална самоуправа, раководи директор и има внатрешна координација помеѓу одделениата за вршење на инспекциски надзор.

Како дел на овој Годишен план, се и следните табели:

**Табела 1.** Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање.

**Табела 2.** План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

Во поглавјето на **Инспекцискиот надзор,** а во согласност на член 3 став (3), (4) и (5) од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа и член 68 од Законот за инспекциски надзор, Државниот инспекторат за локална самоуправа инспекцискиот надзор го врши како: **редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.**

**Табела 3.** Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини.

**Обука на инспекторите** и административните службеници се одвива во соработка со Инспекциски совет и Министерство за информатичко општество и администрација.

Во поглавјето за **Буџет и финансирање**, Државниот инспекторат за локална самоуправа е орган на државната управа со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија.

Во поглавјето, **Меѓународна соработка** Државниот инспекторат за локална соработува со меѓународни институции.

Во поглавјето, **Други активности на инспекциската служба,** Државниот инспекторат за локална самоуправа континуирано ќе соработува со сите органи на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје

**Анализа на ризици**

Еднаква и доследна примена на законите и подзаконските акти од страна на органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институции кои вршат дејност од областа на локалната самоуправа од општините низ цела држава, градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Врз основа на сознанијата од претходно извршени инспекциските надзори како ризични области во кои ќе се врши инспекциски надзор според оваа Програма за 2024 година се: доследна примена на Законот за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор, Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа, сите закони од различните области со кои општините добиле надлежности во процесот на децентрализација, Статутите на општините и Деловниците за работа на Советите на општините низ цела држава, градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Субјекти со висок ризик кај кои ќе се врши редовен инспекциски надзор се: единиците на локалната самоуправа, Градот Скопје како и општините во град Скопје во организационите единици од сите области поврзани со надлежностите на општините во согласност со член 22 од Законот за локална самоуправа.

Во 2024 година се планираат да се вршат вонредни инспекциски надзори во општините каде што ќе се констатира некоја неправилност, сомневање или по пријава. Тргнувајќи од податоците од минатата година, минимум еднаш годишно ќе се посетат општините од сите плански региони.

Субјектите, односно општините во кои ќе се вршат вонредни инспекциски надзори не може однапред да се определат, но истите може само статистички да се определат како број на иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори

Начинот на управување со ризиците во согласност со Методологијата (усвоена од Инспекциски совет, со бр.15-671/3, од 20.08.2020 година) на Државниот инспекторат за локална самоуправа претставува еден циркуларен процес кој ги содржи следните елементи: анализа на ризиците, утврдување и проценка на ризиците, постапување по ризиците и следење и известување.

а) Анализата подразбира идентификација на видот на ризиците кои се појавуваат кај секој посебен вид на субјект под надзор, кој ќе зависи од самата природа на дејноста и активностите на субјектот.

б) Во фазата на утврдување и проценка, се врши идентификација и предвидување на можните штетни последици кои можат да се предизвикаат со дејноста на субјектот под надзор и на кого точно се однесуваат штетните последици, т.е. кој би можел да трпи штетни последици. Проценката на ризиците се врши врз база на тежината и веројатноста за случување на штетните последици.

ц) Постапување е фаза каде се применува планот и се извршуваат надзорите. Во оваа фаза постојано да се следи и споредува предвиденото и реалното сценарио за да се утврди реалноста на проценката и доколку се воочи дека проценката не е соодветна или дека настанеле други настани кои влијаат на ризиците, веднаш треба да се направи повторна проценка на ризиците според новонастанатата ситуација.

д) Следење и известување е фазата во која се следи успешноста на проценката на планот и ризиците, каде се споредуваат резултатите од надзорите и се врши проценка на самата методологија на проценка на ризик, начинот на утврдување и мерење на ризиците и доколку е потребно се врши соодветна корекција. Ова е фаза за прибирање и анализа на научени лекции од минатиот период и нивно преточување во нови решенија кои придонесуваат за одбегнување на претходните грешки.

**Организација и раководење**

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за локална самоуправа, Државниот инспекторат за локална самоуправа е организиран со четри основни организациони единици ( 4 ) и тоа;

- Сектор за инспекциски надзор ( со две одделенија)
- Сектор за општи, правни и финансиски работи.

Во Секторот за инспекциски надзор има две внатрешни организациони единици (2 ) и тоа;

- Одделение за инспекциски надзор од Пелагонискиот, Југозападниот, Полошкиот и Скопскиот плански регион.
- Одделение за инспекциски надзор од Вардарскиот, Југоисточниот, Источниот и Североисточниот плански регион.

Во Секторот за општи, правни и финасниски работи има три одделенија ( 3 ) и тоа:

- Одделение за општи и правни работи
- Одделение за поддршка на инспекторатот и односи со јавност.
- Одделение за финансиско работење.

Во рамките на систематизацијата е предвидено и посебно одделение за управување со човечки ресурси.

Со Државниот Државниот инспекторат за локална самоуправа раководи Директорот на инспекторатот, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Со Секторите за инспекциски надзор, Сектор за општи, правни и финансиски работи, како основни организациони единици, раководи - Раководител на сектор, со одделенијата раководи Раководител на одделение.

Инспекцискиот надзор го вршат тројца (3) лиценцирани инспектори, од кои еден виш-инспектор и двајца со статус на помлади државни инспектори за локална самоуправа и кои се во функција на инспекторскиот надзор.
Годишната програма за работа на Државниот инспекторат за локална самоуправа, месечните планови и извештаите (полугодишниот и годишниот) за извршени инспекциски надзори и месечните планови утврдени со закон и ги донесува Директорот на инспекторатот,
Кадровската екипираност на Државниот инспекторат за локална самоуправа во моментот на донесувањето на програмата се состои од вкупно **8 вработени**, од кои освен Директорот на инспекторатот, останатите се со статус на државни службеници ( 6 вработени на неопределено и 2 на определено според ЗРО ) и се во состав на шест ( 6 ) одделенија и тоа; одделение за инспекциски надзор од Пелагонискиот, Југозападниот, Полошкиот и Скопскиот плански регион, одделение за инспекциски надзор од Вардарскиот, Југоисточниот, Источниот и Североисточниот плански регион, Одделение за општи и правни работи, одделение за поддршка на инспекторатот и односи со јавност, одделение за финансиско работење и одделение за управување со човечки ресурси.

Според Правилникот за систематизација на работните места од 2021 година во Државниот инспекторат инспекторат за локална самоуправа предвидени се 49 работни места, од кои се пополнети 8 работни места, и тоа 6 (шест) се административни службеници и 2 (двајца) се според ЗРО, и тоа:

-1 Раководител на Одделение за вршење на инспекциски надзор со звање – Виш инспектор,

-1 Советник - во одделението за општи и правни работи, ( на определено време, до 31.12.2023 година)

-1 Со звање Виш соработник – еден во одделението за општи и правни работи.

-3 помлади соработници со звање – 2 помлади инспектори ( во одделението за инспекциски надзор од Вардарскиот, Југоисточниот, Источниот и Североисточниот плански регион и 1 во Одделение за општи и правни работи.

-1 помлад соработник во  одделение за општи и правни работи ( на определено, до 31.12.2023 година) и

-1 помлад референт на неопределено.

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање**

| Вид | Државен Инспектор за локална самоуправа | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | 1 | | | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Вкупно | | 1 | 1 | | | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Државен инспектор за локална самоуправа | | | | | | | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | 0 | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 2 | 0 | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |

**Инспекциски надзор**

Согласно член 3 став (3), (4) и (5) од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа и член 68 од Законот за инспекциски надзор, Државниот инспекторат за локална самоуправа инспекцискиот надзор го врши како:

**- редовен,**

**- вонреден**

**- контролен инспекциски надзор**

***Редовен инспекциски надзор*** се врши над примената на одредбите од Законот за локална самоуправа, законите со кои се покрива надлежноста на единиците на локалната самоуправа, како и постапката на нивното донесување. Редовниот инспекциски надзор инспекторите го прават по приемот на службениот гласник на општината каде што се објавуваат прописите донесени од страна на Советите на општините.

Инспекцискиот надзор опфаќа надзор над:

Институционалниот статус на Државниот инспекторат за локална самоуправа се заснива на вршење инспекциски надзор над правни лица кои вршат дејности од локалната самоуправа во Република Северна Македонија.

Државниот инспекторат за локална самоуправа, врши инспекциски надзор, над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и надзор над постапката за нивно донесување, во сите 81 единица на локалните самоуправи во Република Северна Македонија.

Државниот Државниот инспекторат за локална самоуправа во вршење на инспекцискиот надзор се придржува кон вредностите на инспекциската служба и тоа особено :

- примена на начелото на законитост,
- заштита на јавниот интерес,
- почитување на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност,
- начелото на материјална вистина,
- начелото на сослушување на субјектите на надзорот,
- начелото на самостојност,
- начелото на јавност,
- начелото на пропорционалност,

- начелото на превенција,
- начелото на субсидијарност,
- почитување на фундаменталните човекови права ,
- ефикасност и ефективност

***Вонреден инспекциски надзор*** се врши врз основа на сомневањата од редовниот инспекциски надзор, иницијативи, претставки и предлози поднесени од државни органи, правни и физички лица, како и во случај на сомневање на инспекторот.

***Контролен инспекциски надзор*** се врши согласно член 3 став (6) од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа со цел да се утврди дали се извршени решенијата со кои е задолжени градоначалникот на општината, советот на општината или овластено лице од општината за отстранување на недостатоците во определените рокови утврдени при вонреден инспекциски надзор.

Во вршењето на инспекцискиот надзор согласно член 17, член 18, и член 19 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа инспекторите се овластени:

- да наредат обезбедување на докази по службена должност од службената евиденција што ја води органот надлежен за решавање, друг државен орган, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, општините и градот Скопје и да определат рок не подолг од три дена;
- да наредат доставување на докази кои се барани по службена должност од други органи и да определат рок не подолг од три дена;
- да вршат други работи за чие извршување се овластени со закон
- да превзеат други мерки утврдени со закон;
- да остваруваат непосреден увид во примената и извршувањето на прописите за локална самоуправа;
- да укажат на субјетот на надзор за утврдените недостатоци и неправилности во работењето и
- да наредат во определен рок отстранување на утврдените недостатоци но не подолг од 15 дена.

За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник со наод за утврдената состојба, а отстранувањето на утврдените недостатоци во работата го наредува со решение во кое се утврдени роковите за нивното извршување.

Ако инспекторот најде докази дека со повредата на прописите е сторено непочитување на Устав и закони од страна на органите на општините, должен е да донесе Решение за запирање на примена на тие прописи и во рок од 30 дена треба да поднесува иницијатива до Уставен Суд за оценување на уставноста и законитоста на запрениот пропис.

Државниот инспекторат за локална самоуправа во 2024 година планира да се извршат 400 инспекциски надзори од кои 320 редовни инспекциски надзори, плус 81 надзор (минимум еднаш годишно во секоја општина), додека вонредните инспекциски надзори не можеме да ги планираме бидејќи не се знае какви прописи ќе се донесат од страна на советите на општините, но во секој случај, минимум еднаш ќе се посетат сите општини ( вкупно 81 вонредни надзори) и контролните инспекциски надзори не можеме да ги предвидуваме. Тргнувајќи од искуството во последните две-три календарски години, кога имавме 2 (два) односно 5 (пет) контролни надзори, за 2024 година планираме вкупно во секој од планските региони по минимум два контролни надзори или вкупно 16 контролни инспкециски надзори во сите единици на локалните самоуправи. Очекуваните неправилности и инспекциски надзори по региони и општини се дадени во Табелата 3.

**Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправил |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонред. | Контрол. | | |
| | Вардарски регион | 45 | 64 | 2 | 111 | 4 |
| 1 | Велес | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 2 | Градско | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 5 | Лозово | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 6 | Неготино | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправил |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонред. | Контрол. | | |
| 7 | Росоман | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 9 | Чашка | 5 | 5 | 0 | 10 | 10 |
| | Источен регион | 55 | 77 | 2 | 134 | 4 |
| 10 | Берово | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 11 | Виница | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 12 | Делчево | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 13 | Зрновци | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 14 | Карбинци | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 15 | Кочани | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 17 | Пехчево | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 19 | Чешиново | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 20 | Штип | 5 | 9 | 0 | 14 | 0 |
| | Југозападен регион | 45 | 57 | 2 | 104 | 4 |
| 21 | Вевчани | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 22 | Дебар | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 23 | Дебарца | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 24 | Кичево | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 26 | Охрид | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправил |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонред. | Контрол. | | |
| 27 | Пласница | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 28 | Струга | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| | Југоисточен регион | 50 | 65 | 2 | 117 | 4 |
| 30 | Богданци | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 31 | Босилово | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 32 | Валандово | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 33 | Василево | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 35 | Дојран | 5 | 5 | 0 | 10 | 0 |
| 36 | Конче | 5 | 5 | 0 | 10 | 0 |
| 37 | Ново Село | 5 | 5 | 0 | 10 | 0 |
| 38 | Радовиш | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 39 | Струмица | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| | Пелагониски регион | 45 | 59 | 2 | 106 | 4 |
| 40 | Битола | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 42 | Долнени | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 5 | 7 | 0 | 12 | 0 |
| 44 | Крушево | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 45 | Могила | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 46 | Новаци | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправил |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонред. | Контрол. | | |
| 47 | Прилеп | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 48 | Ресен | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| | Полошки регион | 45 | 44 | 2 | 91 | 4 |
| 49 | Боговиње | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 50 | Бревеница | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 52 | Гостивар | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 53 | Желино | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 56 | Теарце | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 57 | Тетово | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| | Североисточен регион | 30 | 50 | 2 | 82 | 4 |
| 58 | Кратово | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 60 | Куманово | 5 | 9 | 0 | 14 | 0 |
| 61 | Липково | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 62 | Ранковце | 5 | 8 | 0 | 13 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 5 | 9 | 0 | 14 | 0 |
| | Скопски регион | 85 | 64 | 2 | 151 | 4 |
| 64 | Аеродром | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 65 | Арачиново | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправил |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонред. | Контрол. | | |
| 66 | Бутел | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 69 | Зелениково | 5 | 3 | 0 | 8 | 0 |
| 70 | Илинден | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 71 | Карпош | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 73 | Петровец | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 74 | Сарај | 5 | 3 | 0 | 8 | 0 |
| 75 | Сопиште | 5 | 3 | 0 | 8 | 0 |
| 76 | Студеничани | 5 | 2 | 0 | 7 | 0 |
| 77 | Центар | 5 | 6 | 0 | 11 | 0 |
| 78 | Чаир | 5 | 4 | 0 | 9 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 5 | 2 | 0 | 7 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 5 | 2 | 0 | 7 | 0 |
| ВКУПНО | | 400 | 480 | 16 | 896 | 32 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Инспекторот има право и должност континуирано, професионално и стручно да се усовршува. Согласно со член 49 од Законот за инспецикциски надзор Инспекцискиот совет треба да донесе Годишна програма за генерички обуки на инспекторите, па по носење на истата Директорот ќе донесе Годишна програма за индивидуално стручно усовршување согласно член 50 од истиот закон.

Согласно член 54 од Законот за административни службеници, административниот службеник има право и обврска стручно да се усовршува, па согласно член 58 од истиот закон по изготвување на Годишната програма на генерички обуки од министерството за информатичко општество и администрација, директорот ќе изготви Годишен план за обуки на административни службеници во инспекторатот.

## ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА

Годишната програма за стекнување знаења и вештини ги опфаќа следните теми:

Тема 1.1 –Начела и организација,права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор)
6 часа предавања/вежби

- Општи одредби,
- Основни начела на инспекцискиот надзор,
- Статус, надлежности и работење на Инспекциски совет,
- Организација и раководење со инспекциските служби,
- Следење на работата на инспекциските служби.
- Статус и вработување на инспектор,
- Лиценца за инспектор,
- Права и обврски на инспектор,
- Учинок на инспектор.

Тема 1.2 –Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзори Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор)
12 часа предавања/вежби

- Права и обврски на субјектот на инспекциски надзор при вршење на инспекциски надзор,
- Прекршочни одредби,
- Планирање на инспекциски надзор,
    - Одредување на опфат на надзорот,
    - Подготовка на документи,
    - Проверка на постоечки податоци,
    - Потешки инспекциски надзори,
    - Претходна најава,
    - Неутралност и независност,
- Спроведување на инспекциски надзор

- o Иницијален состанок,
- o Користење на простории за време на надзор,
- o Наод на состојба и донесување на инспекциски акти
- o Набљудување и интервјуа,
- o Листи за проверка,
- o Попречување на надзорот,
- o Фотографии, примероци,
- o Пристап до документи,
- o Одземање на предмети,
- o Инспекциски мерки, Известување на други институции,
- o Записник,

– Затворање и документирање на инспекциски надзор

- o Завршен состанок,
- o Доставување на останата документација,
- o Коментари на субјектот по записник,
- o Завршување на теренска посета,
- o Печатена евиденција,
- o Електронска база на податоци,
- o Планирање на контролен инспекциски надзор,
- o Известување на други институции,
- o Поддршка за жалби и тужби

Тема 1.3 – Начела и организација,постапки,одговорност и санкции (Закон за прекршоци)
6 часа предавања/вежби

- Основни одредби
- Општи одредби
- Значење на изразите во Законот за прекршоци
- Прекршочна постапка
- Забрзани постапки,
- Постапки за  порамнување и спогодување
- Прекршочна постапка пред прекршочен орган
- Прекршок и прекршочна одговорност
- Прекршочни санкции за полнолетни сторители
- Прекршочни санкции за правни лица и трговец поединец
- Застареност

Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози,прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки)
6 часа предавања/вежби

- Евиденција
- Разлика меѓу предлог и претставка
- Рокови за постапување по претставки

- Анонимни претставки
- Права и обврски на подносителот
- Надлежност
- Прифаќање и одбивање на претставките
- Начин и постапка на чување на класифицирани информации
- Надзор
- Кога не се постапува по претставка
- Жалби
- Како да се спроведе инспекција при претставка
- Начин на одредување на компетентност при вкрстена надлежност на повеќе инспекциски служби

Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење)
6 часа предавања/вежби

- Заведување и разведување на предмети
- Деловодни книги
- Соодветно пополнување на евиденциони книги
- Евиденција на записи
- Какви записи треба да води одделението за инспекциски надзор и обука на инспекторите за истите
- Архивски знаци
- Архивирање и чување на списи
- Начини на архивирање
- Архивирање на записници и решенија како и сертификати за извоз на храна или домашни миленици
- Обезбедување автентичност и целовитост на електронските документи
- Рок на чување на архивски материјал
- Уништување на акти со поминат рок

**Буџет и финансирање**

Согласно член 4 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр. бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 ), Државниот инспекторат за локална самоуправа е орган на државната управа со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно закон и одлучува за правата и обврските од работен однос на вработените во Инспекторатот.

Имајќи го во предвид Буџетскиот циркулар за 2024 година доставен до Министерство за финансии во табелата е прикажан предлог Буџетот на Државен инспекторат за локална самоуправа за 2024 година.

| Буџет | Сметка | Потпрограма | Ставка Шифра | Ставка | Износ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2024 | 630 | 19 - ИНСПЕКТОРАТИ | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.000.000,00 |
| | | | 401 | Основни плати | 5.500.000,00 |
| | | | 480 | Купување на опрема и машини | 500.000,00 |
| | | | 464 | Разни трансфери | 100.000,00 |
| | | | 426 | Други тековни расходи | 700.000,00 |
| | | | 425 | Договорни услуги | 2.610.000,00 |
| | | | 424 | Поправки и тековно одржување | 450.000,00 |
| | | | 423 | Материјали и ситен инвентар | 500.000,00 |
| | | | 421 | Комунални услуги, | 1.500.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | греење, комуникација и транспорт | |
| | | | 420 | Патни и дневни расходи | 300.000,00 |
| | | | 404 | Надомстоци | 500.000,00 |
| | | | 486 | Купување на возило | 0 |
| | | | Вкупно: | | 15.160.000,00 |

**Меѓународна соработка**

Државниот инспекторат за локална самоуправа во нормативниот дел ќе учествува во работни групи при подготовка на закони или подзаконските акти и ќе дава мислења и предлози по закони и други прописи изготвени од други органи на државната управа, доколку истите содржат одредби за управната или инспекциската постапка.

**Други активности на инспекциската служба**

Државниот инспекторат за локална самоуправа во рамките на надлежности утврдени со закон континуирано ќе соработува со сите органи на државната управа, другите државни органи, установи и институции, правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во управните работи, непосредно применувајќи ги прописите одлучуваат за правата, обврските или правните интереси на физички и правни лица како странки во управната постапка во согласност со закон.

Во интерес на граѓаните, Инспекторатот ќе остварува посебна соработка со другите Државни инспекторати и инспекциски служби на Единиците за локална самоуправа надлежни за вршење на инспекциски надзор. Во рамките на оваа соработка по потреба ќе се организираат заеднички договорени состаноци за заедничко вршење на координирани надзори кои ќе придонесат за отстранување на недостатоците и слабостите во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од материјалните закони и Законот за локална самоуправа, како и за ефикасно и ефективно остварување на правата, обврските и правните интереси на странките во управната постапка согласно со закон.

Инспекторатот во 2024 година за реализацијата на Годишната програма за 2024 година, годишниот извештај за работењето во 2023 година и месечните оперативни планови, ќе одржи два редовни состаноци со сите вработени, на кои ќе бидат разгледани стручни прашања кои произлегуваат од инспекцискиот надзор, кадровското екипирање и техничката опременост на органот, како прашања кои се однесуваат на остварувањето на правата и обврските на вработените.

Во 2024 година ќе отпочне изготвувањето на софтверското решение за инспекциското работење и истото ќе биде имплементирано и за Државниот инспекторат за локална самоуправа. За формална комуникација во инспекторатот, како и со институциите се користат и службените електронски пошти.

Државниот инспекторат за локална самоуправа редовно ја ажурира својата веб страна, како и податоците на платформата на отворени податоци Open data.